ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2012

Водњанска бб. П.фах 150, 1000 Скопје

Во рамките на програмата CIVICA Mobilitas, спроведувана од Центарот за институционален развој ЦИРа и финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка претставена од Швајцарската канцеларија за соработка во Македонија, Организацијата на потрошувачите на Македонија -ОПМ доби грант за реализација на својата Програма за 2012 година. Општа цел на програмата беше јакнење на капацитетот на ОПМ заради подобрување на заштитата на потрошувачите во Република Македонија и одржување на стандардот на услуги кои ОПМ ги дава на граѓаните потрошувачи.

Специфичните цели на програмата остануваат идентични со оние за 2011 година и се претставени како следи:

- Поддршка на процесот на хармонизација со потрошувачкото право на ЕУ и имплементација на правната рамка во доменот на заштитата на потрошувачите преку информирање и едукација на граѓаните и на специфичните целни групи кои професионално ја применуваат прав-ната рамка.
- Подршка на процесот на институционализација на заштитата на по-трошувачите во единиците на локалната самоуправа;
- Подобрување на правната рамка на заштитата на потрошувачите и нејзината имплементација во доменот на услуги од јавен интерес и финансиските услуги.

Планираните активности се спроведоа на национално и локално ниво, зависно од нивната природа. Наш фокус во 2012 година на национално ниво генерално беше имплементацијата на правната рамка во доменот на заштитата на потрошувачите ,додека активностите на локално ниво беа фокусирани на продолжување на процесот на институционализацијата и на работата и растот на капацитетите на советите за заштита на потрошувачите во единиците на локалната са-моуправа (ЕЛС).

Најзначајни планирани интерни активности на ОПМ во периодот опфатен со Програмата беше врзан за процесот на реструктуирање на експертските комисии на ОПМ заради активна партиципација на ОПМ на сите нивоа на планирање и имплементација на политиката за заштита на порошувачите.

Домените на интервенција и активностите на ОПМ во 2012 година се планираат како следи:

| Домен/Активност | M1 | M2 | M3 | M4 | M5 | M6 | M7 | M8 | M9 | M10 | M11 | M12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Институционален развој на ОПМ** | | | | | | | | | | | | |
| **1.1. Реконструирање на 5 комисии** | | X | | X | | X | | | X | | X | |
| **1.2. Конституирање на 2 нови комисии** | | | X | | | | | | | X | | |
| **1.3. Донесување на програми за делување на комисиите (7)** | | | X | X | X | | X | | | X | X | **X** |
| **1.4. Воспоставување на потесна соработка на комисиите со релевантните јавни институции** | | | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **1.5. Форуми за верификација на програмите на комисиите** | | | | | | X | | | | | | **X** |
| **1.6. Изработка на модул: Парични депозити** | | | X | | | | | | | | | |
| **1.7. Изработка на модул: Кредити, заеми и лизинг** | | | | | | X | | | | | | |
| **1.8. Изработка на модул: Услуги на осигурување** | | | | | | | | | X | | | |
| **2.Институционален развој на органите за ЗП[1] на ЕЛС[2]** | | | | | | | | | | | | |

[1] Заштита на потрошувачите.

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Циркуларен до-пис за обврската за институционализација на заштитата на пот-рошувачите во ЕЛС** | X | | | | | | | | | | | |
| **2.2. Одржување на Форуми на тема: „За-штитата на потрошу-вачите на ниво на еди-ниците на локал-ната самоуправа во РМ** | | | | | X | | | | | | X | |
| **2.3. Техничка помош на ЕЛС во формира-ње на СЗП[3]** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **2.4.Консултантска поддршка на ЕЛС** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **2.5. Активности за со-работка и координаци-ја меѓу Советот за заштита на потрошу-вачите на Владата на РМ и советите на ЕЛС** | | X | X | X | X | X | | | X | X | X | **X** |
| **3)Усогласување и имплементација на правната рамка** | | | | | | | | | | | | |
| **а) Усогласување на правната рамка** | | | | | | | | | | | | |
| **3.1. Три регионални семинари за промоција на натамошната хармо-низација на национа-лното законодавство со законодавството на ЕУ** | | | | | X | X | | | | X | | |

[2] Единици на локалната самоуправа.
[3] Локални совети за заштита на потрошувачите.

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **б) Имплементација на правната рамка** | | | | | | | | | | | | |
| **3.2. Иницирање на процесот за започну-вање на донесување-то на кодекси на од-несување на трговци-те** | | | X | X | X | X | | | X | X | X | **X** |
| **3.3. Промовирање и на стапувањето во сила на одредбите за за-штита на колектив-ните интереси на потрошувачите** | X | X | X | X | X | | | | | | | |
| **3.4. Промоција на пу-бликации од областа на заштитата на пот-рошувачите на регио-нални средби во три града** | | | | | | | | | | X | X | **X** |
| **3.5. Медиумска пре-зентација на новини-те воведени со из-мените и дополну-вањата на ЗЗП** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **3.6. Испорака на об-ука на ДПИ за нови-ните во Законот за потрошувачите кре-дити** | | | | | | | | | | | X | |
| **3.7. Популаризација на новините во Пра-ви-лникот за детски иг-рачки преку медиум-ска презентација.** | | | | | | | | | X | X | X | |
| **4.Креирање и имплементација на потрошувачки политики** | | | | | | | | | | | | |
| **4.1. Партиципација во процесот на импле-ментација на ПП на Владата** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **4.2. Промоција на Про-грамата за заш-тита на потрошува-чите на Владата на РМ за 2011-2012, на регионални средби во** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X**[4] |

[4] Не е познат периодот на одвивање.

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Струмица, Охрид и Кичево.** | | | | | | | | | | | | |
| **4.3. Партиципација на претставниците на ОПМ во работата на Советот за заштита на потрошувачите на Владата на РМ.** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **4.4. Техничка помош во изготвувањето на ЛПЗП[5]** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **4.5. Организирање на три регионални семи-нари во Битола, Коча-ни и Охрид за соработ-ката на органите на државната управа и потрошувачките орга-низации** | | | | | | | | X | X | X | | |
| **5.Застапување на интересите на по-трошувачите** | | | | | | | | | | | | |
| **5.1 Советување во 1 + 5 советодавни бироа** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **5.2. Работилници на тема: Финансиски услуги – види под I-6** | | | | X | | | X | | | X | | |
| **6.Информирање и едукација на потрошу-вачите** | | | | | | | | | | | | |
| **6.1.Одржување на ВЕБ страницата на ОПМ** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **6.2. Изработка на ин-фотека за енергетска ефикасност** | | | | | | | | | | | X | |
| **6.3. Издавање на два електронски броја на билтенот** | | | | | | X | | | | | | **X** |
| **6.4. Обележување на 15 март** | | | X | | | | | | | | | |
| **7.Меѓународна сора-ботка** | | | | | | | | | | | | |
| **7.1. и 7.2. Поддршка на активности на BEUC и CI[6]** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |
| **7.3. Партиципација во активностите на** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | **X** |

[5] Локални програми за заштита на потрошувачите.
[6] Consumers International, Лондон.

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **регионалните програми (TAIEX) и TACSO.** | | | | | | | | | | | | |
| **7.4. Евентуални активности во доменот на регионалната соработка на потрошувачките организации од регионот** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

## I. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПМ

Активностите во овој домен беа фокусирани на реструктуирање и засилување на експертските тимови, кои конституирани во соодветни комисии ја даваат експертската поддршка на активностите на ОПМ, што е неопходно со оглед на мултидимензионалноста на заштитата на потрошувачите.Процесот на реструктуирање ги опфати постојните комисии за:

- Правни и финансиски прашања (од која се оддели делот на финансиски услуги и се трансформира во посебна комисија);
- Комисија за Образование ;
- Храна и исхрана;
- Домување и енергетска ефикасност и
- Права на пациентите.

Покрај постојните се формираа и две нови комисии за: финансиски услуги на потрошувачите и Услуги од јавен интерес.

Во овој контекст комисиите се дополнија со нови членови, а се изготвија и соодветни програми за нивното делување преку идентификација на полињата за работа, како и активности за поврзување и поблиска соработка со соодветните институции на централно и/или локално ниво кои имаат надлежности во полињата на нивниот интерес.

Во текот на 2012 се продолжи и со специфична обука на советодавниот персонал во сверата на финансиските услуги, во домените на депозити, проценка на кредитната способност, задолжување, менаџирање на долг и други аспекти на финансиската писменост на населението.

**Активности кои се спроведоа:**

1. Реструктуирање на постојните комисии за правни прашања, образование, храна и исхрана, домување и енергетска ефикасност и права на пациентите;
2. Конституирање на новите комисии за финансиски услуги и услуги од јавен интерес;
3. Донесување на програми за делување на постојните и новоформираните комисии.

4. Делување во правец на воспоставување на потесна соработка на комисиите со релевантните јавни и државни институции;
5. Форуми за верификација на програмите на комисиите пред соодветните институции и Советот за заштита на потрошувачите на Владата на РМ;
6. Изработка на три модули во доменот на основите на финансиската писменост, како следи:
   - Тема 2 – Парични депозити
   - Тема 3 – Кредити и заеми, лизинг,
   - Тема 4 – Услуги на осигурување

## II. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА СО НАДЛЕЖНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ЗАШТИТАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО

Усилбите на ОПМ во 2012 година првенствено беа насочени кон заштитата на потрошувачите во единиците на локалната самоуправа, кои во рамките на Законот за заштита на потрошувачите и процесот на децентрализација добија нагласена улога.

Сликата во овој домен искажана во минатогодишната програма малку се измени, благодарение на активностите на ОПМ во 2011 година. Нашите сознанија покажуваат дека и покрај законската обврска за формирање на совети за заштита на потрошувачите, како постојани работни тела на советите на општините и градот Скопје истата не е имплементирана, освен во делот на целните ЕЛС опфатени со нашите активности во минатата и оваа година (триесетина општини), но не и самоиницијативно од страна на општините.

Состојбата на терен е таква што повеќе од половината ЕЛС немаат формирани совети, а уште помал дел од нив имаат донесени локални програми за заштита на потрошувачите. Сознанијата базираат на нашите контакти кои ги имавме со поголемите урбани општини во изминатиот период како и податоците на Министерството за економија, што наведува дека е реално да се очекува уште полоша слика во помалите и руралните општини.

Во секој случај, ние продолжвме со активностите за зголемување на бројот на ЕЛС кои ќе ја институционализираат заштитата на потрошувачите преку популаризација и консултантска помош и поддршка и останавме отворени за поддршка на секоја ЕЛС која за тоа покажа интерес.

**Активности кои се спроведоа:**

1. Циркуларен писмен допис за обврската за институционализација на заштитата на потрошувачите во ЕЛС, кој се дистрибуираше до сите општини со кои не сме работеле во изминатите две години.
2. Одржување на два Форуми на тема: „Заштитата на потрошувачите на ниво на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија“, на која ќе бидат

поканети сите општини и градот Скопје, во соработка со Министерството за економија, ЗЕЛС и Советот за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија.
3. Техничка помош на ЕЛС во врска со конституирањето на совети за заштита на потрошувачите во ЕЛС и изготвување на програми за заштита на потрошувачите.
4. Консултантска поддршка на локалните совети за заштита на потрошувачите, од целните општини кои беа опфатени со програмите за 2010 и 2011 година.
5. Партиципација во активностите за соработка и координација меѓу Советот за заштита на потрошувачите на Владата на РМ и локалните совети, во соработка со Министерството за економија.

## III. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА УСОГЛАСУВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРАВНАТА РАМКА

Во 2012 година ОПМ  продолжи со процесот на популаризација и информирање на потрошувачите за нивните права, обврски и одговорности во доменот на потрошувачкото право, како и имплементација на Законот за заштита на потрошувачите и другите позитивни прописи од оваа област.

Посебно внимание во овој контекст е се посвети на делот од Законот кој се однесува на заштита на колективните интереси на потрошувачите. ОПМ продолжи и со процесот на имплементација на Законот за безбедност на храната, кој интензивно се одвиваше во четвртиот квартал на 2011 година во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство.

Во доменот на имплементација на постојната правна рамка продолжија и активностите започнати во 2011 година околу сензибилизирање на јавноста во врска со Законот за домување, Законот за потрошувачки кредити и Законот за правата на пациентите, како и прописите од доменот на електронските комуникации. Активностите ќе се спроведат преку електронските и пишуваните медиуми кои делуваат на национално ниво.

**Активности кои се спроведоа:**

**а) Усогласување на правната рамка**

1. Три регионални семинари за промоција на натамошната хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ.

**б) Имплементација на правната рамка**

2. Иницирање на процесот за започнување на донесувањето на кодекси на однесување на трговците, согласно со новините во Законот за заштита на потрошувачите.
3. Промовирање и популаризација на стапувањето во сила на одредбите за заштита на колективнните интереси на потрошувачите од Законот за заштита на потрошувачите.

4. Промоција на публикации од областа на заштитата на потрошувачите и конкретно на измените и дополнувањата во Законот за заштита на по-трошувачите, на регионални средби во три града.
5. Продолжување на медиумска презентација на новините воведени со измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите и останатите закони од доменот на заштитата на потрошувачите, со цел за нивна популаризација.
6. Испорака на семинар со Државниот пазарен инспекторат за новините во Законот за потрошувачите кредити и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.
7. Популаризација на новините во Правилникот за детски играчки преку медиумска презентација.

## IV. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧКИ ПОЛИТИКИ НА НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО

Покрај правната рамка, од круцијално значење за конзистентна заштита на потрошувачите е и способноста да се креираат и имплементираат соодветни потрошувачки политики на национално и локално ниво. За оваа цел потребно е да се создадат соодветни капацитети кај креаторите на овие политики, кои ќе обезбедат да се препознаат потрошувачките проблеми, истите да се анализираат, да се формулираат, усвојат и имплементираат соодветни потрошувачки политики на национално, но со воведувањето на пооделните фази на децентрализацијата и на локално ниво.

Во текот на 2012 година ОПМ  се вклучи во процесот на имплементација на активностите планирани за втората година на Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија за период 2011 – 2012 година.

ОПМ и во 2012 година продолжи да работи на институционализацијата и донесувањето на програми за заштита на потрошувачите во ЕЛС како и  на проблемот на создавање на релации и координација на активностите меѓу Советот за заштита на потрошувачите на Владата и локалните совети.

**Активности кои се спроведоа:**

1. Партиципација во процесот на имплементација на потрошувачките политики утврдени во Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на РМ за 2011-2012, за 2012 година.
2. Промоција на Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на РМ за 2011-2012, на регионални средби во Струмица, Охрид и Скопје.
3. Партиципација на претставниците на ОПМ во работата на Советот за заштита на потрошувачите на Владата на РМ.
4. Техничка помош во изготвувањето на програми за заштита на потрошу-вачите во ЕЛС, согласно описот даден во делот II. на оваа Програма.
5. Организирање на три регионални семинари во Битола, Кочани и Охрид за популаризација на соработката на органите и телата на државната управа и на

јавниот сектор кои имаат директни и/или индиректни инге-ренции во областа на заштитата на потрошувачите и организациите за заштита на потрошувачите.

## V. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ЗАСТАПУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ ПОТРОШУВАЧИТЕ

Најзначајна активност во доменот на застапување на интересите на потрошувачите е функцијата на советување која се обавува во рамките на редовните активности на советодавното бира на централата на ОПМ во Скопје и бироата на локалните потрошувачки организации (членки на ОПМ) во Битола, Штип, Охрид, Тетово и Кочани.

Во текот на 2012 година ОПМ  продолжи со информирање и советување на граѓаните во доменот на потрошувачкото право, секој работен ден од 10 до 14 часот во Скопје, додека на другите пет локации од 10 до 14 часот трипати неделно.

За комуникација со потрошувачите беа достапни следните медиуми: лични контакти, телефонски, телефакс и имејл контакти, како и писмени контакти (преку пошта или преку архивата на ОПМ).

Во текот на 2012 година ОПМ преку советодавното биро на централата во Скопје,  се продолжи со давање на специјалистички совети и тоа секој работен ден од 10 до 14 часот, додека во другите пет локации специјалистичките совети  се даваа трипати неделно од 10 -14 часот. Специјалистички совети се од  домените на:

- Исхраната,
- Домувањето,
- Финансиските услуги,
- Енергетската ефикасност и
- Правата на пациентите.

Вкупниот број остварени советувања за 2012 изнесува 2650 за сите советодавни бироа од: Скопје, Битола, Штип, Охрид, Кочани и Тетово.

ОПМ исто така продолжи да работи на зголемување на капацитетот на советодава-чите, со цел да се овозможи што е можно подобро вршење на дејноста. Во текот на 2012 година  се продолжи со обука на советодавниот персонал во доменот на финансиските услуги, како мошне значаен домен за советување на граѓаните.

**Активности кои се спроведоа:**

1. Континуирана работа на советодавните бироа во Скопје, Штип, Битола, Тетово, Охрид и Кочани.
2. Три работилници на теми од доменот на заштита на потрошувачите во доменот на финансиските услуги  со советодавачите.

## VI. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ИНФОРМИРАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Информирањето и едукацијата на потрошувачите претставува еден од значајните дејности во мисијата на ОПМ. Тоа се спроведува во две димензии и тоа како андрагошко (образование и информирање на возрасни) и како педагошко (образование и информирање на деца и млади).

Активностите во овој домен се одвиваа континуирано во текот на целата 2012 година. Дејностите се спроведуваа во неколку домени и тоа:

- Ажурирање на едукативно-информативните алатки (ВЕБ страница)
- Издавачка дејност (издавање Инфотека, е-билтен и публикации),
- Андрагошки активности на терен (јавни трибини, семинари),

**Активности кои се спроведоа:**

1. Редовно ажурирање и одржување на ВЕБ страницата на ОПМ.
2. Издавање на нова инфотека во доменот на енергетската ефикасност.
3. Издавање на два електронски броја на билтенот Потрошувач.
4. Обележување на 15 март - Светски ден на правата на потрошувачите.

## VII. СТРАНСКИ ПРОЕКТИ, РЕГИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на дејноста на ОПМ членството во Потрошувачката организација на земјите членки на ЕУ – BEUC, Брисел и Светската потрошувачка организација Consumers International, Лондон се проценува како мошне значајно. Нашето присуство во овие организации ни овозможува да ги следиме трендовите во развојот на заштитата на потрошувачите на европско и светско ниво.

И во 2012 година ОПМ продолжи да партиципира во работата на органи и тела на активностите на Consumers International и BEUC.

Истотака ОПМ партиципираше во Програмата TAIEX (ЕУ) како и со проектните активности на проектот на Европската унија за поддршка на граѓанскиот сектор, TACSO.

**Активности кои се спроведоа:**

1. Партиципација во програмските активности на Consumers International, Лондон.
2. Партиципација во програмските активности на BEUC, Брисел.
3. Партиципација во активностите на регионалните програми (TAIEX).
4. Евентуални активности во доменот на регионалната соработка на потрошувачките организации.
5. Учество во проектните активности на проектот на Европската унија за поддршка на граѓанскиот сектор, TACSO.

## VIII. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ВЛАДАТА НА РМ, КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ДЕЛОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

- **Подготовка и печатење на 6 (шест) брошури и други промотивни материјали за правата на потрошувачите согласно прописите за заштитата на потрошувачите.**

Изработени се и испечатени шест бошури од теми во согласност со Законот за заштита на потрошувачите и тоа: ,,Кој ги штити правата на потрошувачите‘‘; ,,Распродажба на производи‘‘ ,,Безбедност на детски играчки‘‘; ,,Права на потрошувачите кај производи со недостаток‘‘; ,,Начини на остварување на правата на потрошувачите кај производи со недостаток‘‘; и ,,Пиратерија и фалсификување‘‘.



















- **Промоција и запознавање на потрошувачите и економските оператори за правата и обврските согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите. Организирање на регионални семинари во: Прилеп и Гостивар**

Одржани се два регионални семинари во Гостивар (25.04.2012) и Прилеп (30.04.2012). На овие семинари пред околу 25 присутни учесници, преставници од: Државниот пазарен инспекторат, Санитарната инспекција, подрачни единици на Агенцијата за храна и ветеринарство, економски оператори и невладини организации се дискутирше за:

проблемите на потрошувачите во 2011 година и прв квартал од 2012 година согледано низ работењето на Државниот пазарен инспекторат, проблемите на потрошувачите во 2011 година и прв квартал од 2012 година согледано низ работењето на Организацијата на потрошувачите на Македонија, нечесното пазарно однесување – Примери и искуства во ЕУ и дали истите ги препознаваме во РМ и Кодекси на однесување на трговците. На овие семинари беа промовирани и публикации на ОПМ.

- **Продолжи соработката на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата со Советите за заштита на потрошувачите од пооделни општини и градот Скопје заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите.**

Активноста ја реализираше ОПМ,Скопје, во насока кон подобрување на Соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата со Советите за заштита на потрошувачите од пооделни општини и градот Скопје. Беше организирана една од две планирани работни средби, на кои се дискутираше за можноста за унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите.

Настанот се одржа на 20.04.2012 година, во Скопје, во салата за состаноци на I кат во Министерството за економија со почеток во 12,30 часот. На настанот учествуваа вкупно 9 општини од: Град Скопје, Центар, Карпош, Струмица, Гевгелија,Охрид, Битола, Кочани, Неготино. Вкупно беа присутни 15 учесници. Истотака на настанот присуствуваа експерти на ОПМ и Министерството за економија.
Исто така беше организирана и втората од две планирани работни средби, на кои се дискутираше за можноста за унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите.

Настанот се одржа на 16.11.2012 година, во Скопје, во салата за состаноци на I кат во Министерството за економија со почеток во 11,00 часот. На настанот присуствуваа претставници од Советите на потрошувачи на седум општини и тоа: Кочани, Штип, Тетово, Карпош, Центар, Неготино и Град Скопје. Исто така на средбата присуствуваа претставници од Агенција за храна и ветеринарство, Биро за развој на образованието и претставници од Министерството за економија. Вкупно беа присутни 16 претставници.

Се дискутираше за проблемите со кои се соочуваат општините и уште еднаш се потенцираше потребата од запознавање на општините со важноста и застапеноста на потрошувачката политика. Во таа насока имаше предлози за директно обраќање на Советот за заштита на потрошувачи при влада на РМ на единиците на локалната самоуправа и до Владата на РМ. Истотака се потенцираше и тоа, доколку постои законска обврска за конституирање на Советите за заштита на потрошувачи во локалната самоуправа треба истите да имаат своја функција, односно да свикуваат седници и да функционираат.

- **Реализација на Програма - Проект за јакнење и подигање на потрошувачката свест и култура ги опфаќаше:**

-информирање и советување на потрошувачите;

-правни совети на потрошувачите;

-медиумски кампањи;

-учество во донесувањето на законската регулатива;

- консултанска подршка на локалните совети за заштита на потрошувачите; и

- други активности согласно Законот за заштита на потрошувачите

- **Информирање на потрошувачите за Кодекси на однесување од страна на трговците, како и можноста за колективна заштита на потрошувачите согласно измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите.**

Оваа активност е реализирана во вид на одржување на два регионални семинари и тоа во Скопје (12.12.2012 г.) во Салата за состаноци при Министерство за економија и во Битола (14.12.2012 г), во општина Битола. Цел на одржување на семинарите беше запознавање на пошироката јавност со значењето на Кодексите на однесување донесени од страна на трговците и запознавање со значење на колективната заштита на потрошувачите. На семинарите беа поканети претставници од: Министерство за транспорт и врски, Агенција за електронски комуникации, Државен пазарен инспекторат, економските оператори, Стопанските комори, здруженијата на граѓани и невладини организации за потрошувачи и др.

- **Промоција на брошури и други промотивни материјали од областа на заштитата на потрошувачите.**

Активноста се реализираше во: Тетово, Штип и Кочани преку промоција на брошури и други промотивни материјали од областа на заштитата на потрошувачите. На семинарите беа поканети експерти од ОПМ, како и експерти на потрошувачките организации од: Тетово, Штип и Кочани и претставници од: Државен пазарен инспекторат, Министерството за здравство - Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Министерство за транспорт и врски, Министерство за образование и наука-Биро за развој на образованието, Министерство за финансии,Стопанските комори како и здруженијата на граѓани и невладини организации за потрошувачи.

**Промоцијата беше и медиумски покриена.**

## IX. СПРОВЕДЕНИ ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ВЛАДАТА НА РМ, КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ДЕЛОТ НА АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТРИНАРСТВО

Организацијата на потрошувачите на Македонија изготви вкупно седум публикации за подигање на знаењата и свеста на потрошувачите, бизнис операторите, инспекторите и тоа:

- Водич низ Законот за безбедност на храната / наменет за потрошувачите/
- Водич низ Законот за безбедност на храната / наменет за бизнис операторите/
- Водич низ Законот за безбедност на храната / наменет за инспекторите/
- Брошура ,,Адитиви во храната и потрошувачи‘‘
- Брошура ,,Додатоци на храната‘‘
- Брошура ,,Храна за посебна нутритивна употреба‘‘
- Брошура ,,Храна збогатена со витамини и минерали‘‘

По излегувањето на публикациите од печат, Организацијата на потрошувачите на Македонија пристапи кон организирање на трибини за нивна промоција. Трибините беа организирани во следниве градови: Куманово, Велес, Струмица, Неготино, Скопје, Виница, Делчево, Македонски Брод, Дебар со цел запознавање на таргетните групи: потрошувачи, оператори со храна и инспектори со Законот за безбедност на храна, на секоја трибина брошурите им беа делени на посетителите, а дел од нив беа дистрибуирани и во општините.

Трибините ги посетија вкупно 325 посетители. Медиумски трибините беа покриени со вкупно учество од 18 медиуми од кои во:

- Куманово три (Телма, Наша Нова, ТВ Нова-Куманово),
- Струмица пет(ТВ Канал Вис, Радио Струмица, ТВ Интел, Нова Македониа, МИА), Виница два(ТВ Канал 8 и ТВК),
- Скопје седум (24 Вести, ЕРА, Капитал, Канал 5, МИА, Фокус, Нова Македонија, ) и Дебар 1 (ТВ 3).

## X. ОД СОРАБОТКАТА СО ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РМ

Институтот за акредитација на Република Македонија, и експерти на **ОПМ** спроведоа кампања со цел промоција на системот за акредитација во Република Македонија, подигањето на свеста за потребата и значењето на акредитацијата, како и безбедноста

на производите, со посебен акцент на безбедноста на лифтовите и нивното одржување. Одржаните кампањи беа организирани како трибини на кои се промовираше системот за акредитација како и изработените брошури: **"Акредитацијата - промотор на квалитетот,** ,,**Лифтови**, **нивно одржување и периодични прегледи**, основни информации и совети за правни и физички лица‘‘ и Инфотеката – Акредитација кои беа поставени на ЦД-а и истите беа делени на присутните учесници а дел од нив и во општините.

Кампањата се одржа во Штип, Кочани, Охрид, Тетово, Битола и Скопје.

## XI. УЧЕСТВО НА ДРУГИ ПРОЕКТИ

ОПМ го реализираше проект : “Consumer Friendly” Energy Bills, одобрено од Словачката помош (Slovak AID, The Slovak Balkan Public Policy Fund).

## XII. МЕДИУМСКА ЗАСТАПЕНОСТ

Вкупно ОПМ и другите потрошувачки организации од Битола, Штип, Охрид, Тетово и Кочани биле медиумски застапени со 198 учества на медиуми.